


*ENplus (http://www.enplus-pellets.eu) е широка шема на ЕУ за сертификација на квалитетот на дрвениот пелет, базирана на ISO стандардот ISO 17225-2. Целта на шемата за сертификација ENplus за дрвени пелети, е да се обезбеди дека снабдувањето со дрвени пелети за греење во станбени, комерцијални и јавни згради, е со јасно дефиниран и постојан квалитет. ENplus го опфаќа целиот синџир на набавка на дрвени пелети: од синџирот на производство и испорака на дрвените пелети, па сѐ до продавницата кај крајниот корисник.*

Клучните компоненти на шемата за сертификација се:

- Дефинирање на класите за квалитет и спецификација на својствата на дрвените пелети.
- Одредби за управување со квалитетот на производителите на пелети, трговците и давателите на услуги.
- Барања за декларација на производот и употреба на печатот за сертификација.
- Листа на тела, лиценцирање и одземање на лиценцата, обука.
- Инспекција и оценка на усогласеноста на производите, процесите и документите во рамките на релевантните стандарди и одредби.

Производителите и трговците со дрвени пелети се подложени на независни ревизии во нивните процеси, а примероците на нивните производи се тестираат, за да се види нивната усогласеност со стандардите.

Секој сертифициран производител и трговец на дрвени пелети има уникатен печат за сертификација, кој се состои од логото ENplus и единствен ENplus ИБ (видете пример на печат за сертификација на производител на дрвени пелети во Белгија).

A deliverable of Heat Wisely, public awareness raising project on biomass-based heating in the Western Balkans

Шемата за сертификација ENplus дефинира три класи на квалитет на дрвените пелети - ENplus A1, ENplus A2, ENplus B - врз основа на нивните карактеристики. Секоја од класите за квалитет има уникатно лого за квалитет, кое се користи во комбинација со печатот за сертификација. Комбинацијата на логото за квалитет и печатот за сертификација, се нарекува печат за квалитет (видете примери на печати за квалитет за класите за квалитет ENplus A1, ENplus A2, ENplus B).

Вреќите за пелети се пакување за малопродажниот пазар. Вреќите за пелети може да содржат до 30 кг пелети од класите за квалитет ENplus A1 или ENplus A2. Пакување во вреќи на класата ENplus B не е дозволено.

Корист од ENplus сертификацијата:

- Препознатливост во светот, со глобално производство и голема база на снабдување.
- Добро дефинирани барања за квалитет, коишто се одржуваат до крајниот корисник.
- Квалитетот е обезбеден со печат Enplus.